**Известување за концентрација со која Бонафарм Зрт. Унгарија стекнува директна контрола над ФрисландКампина Романија Холдинг Б.В., Холандија (предмет бр. 08-139/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), на ден 26.09.2025 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Бонафарм Зрт. Унгарија со регистрирано седиште на адреса Алкотас утца 53, 1123 Будимпешта, Унгарија стекнува директна контрола над ФрисландКампина Романија Холдинг Б.В., Холандија со регистрирано седиште на адреса Статионсплеин 4, поштенски број 3818 ЛЕ Амерсфорт, Холандија и индиректна единствена контрола врз неговото претпријатие-ќерка ФрисландКампина Романија С.А., со регистрирано седиште на адреса Барбу Вакареску 301-311, Зграда Лејквју, 10-ти кат, 2-ри округ, Букурешт Романија.

Бонафарм Зрт. служи како матично друштво и консолидирачки субјект за групацијата Бонафарм, која претставува најголемо вертикално интегрирано претпријатие за потрошувачки производи и земјоделство во Унгарија.

Бонафарм Зрт. нема поврзани субјекти во Северна Македонија, но генерира промет од продажба на млечни производи, разладени преработени месни производи, замрзнати месни производи и дополнително преработени живински производи.

ФрисландКампина Романија Холдинг Б.В. не е присутна во Северна Македонија и не остварила промет во Северна Македонија.

Според подносителот, дефиницијата на релевантниот пазар може да се остави отворена, но во случај Комисијата да одлучи да ги дефинира релевантните пазари, Учесниците предлагаат релевантните пазари на производи да можат да се дифинираат како (i) пазар за набавка на сурово млеко наменето за понатамошна индустриска преработка; (ii) пазар за производство на млеко и млечни производи; и (iii) пазар за снабдување со млеко и млечни производи.

Релевантниот пазар треба да се дефинира како територија на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

03.10.2025